Здружение за поддршка на маргинализирани работници СТАР-СТАР
Бр. 05-127/1
11.03. 2022 год.
СКОПЈЕ

СТАР
ПРВ КОЛЕКТИВ НА СЕКСУАЛНИ РАБОТНИЦИ НА БАЛКАНОТ

## Извештај за хуманитарна онлајн аукција „Акција за реакција 2“ на Здружение за поддршка на маргинализирани работници СТАР-СТАР Скопје, одржана од 28.02.2022 до 07.03.2022 година




СТАР
ПРВ КОЛЕКТИВ НА СЕКСУАЛНИ РАБОТНИЦИ НА БАЛКАНОТ

Во рамки на кампањата по повод одбележувањето на **3-ти март – Меѓународниот ден на правата на сексуалните работници**, **Здружение за поддршка на маргинализирани работници СТАР-СТАР Скопје**, ја организираше втората хуманитарна онлајн аукција **„Акција за реакција 2“** која се одржа од **28.02.2022** до **07.03.2022** година преку онлајн настан креиран на Фејсбук профилот на организацијата: https://www.facebook.com/events/489195542617486

На хуманитарната аукција, наменета за помош и поддршка на сексуалните работници кои сè уште ги чувствуваат последиците од социо-економската криза предизвикана од КОВИД-19, деветнаесет (19) автори, меѓу кои и наши партнерски организации донираа дела кои беа дел од хуманитарната аукција.

Сакаме да изразиме голема благодарност до авторите/организациите: Румена Бужаровска, писателка, Никола Гелевски, главен и одговорен уредник на издавачката куќа „Темплум“, Петар Андоновски, писател, модната куќа LUDUS, Ирина Тошева, дизајнерка, ХОПС – Опции за здрав живот Скопје преку нивната креативна акција за општествени промени #реупотребигоумот, Бојан Ковски, уметник, Симона Манчева, визуелна артистка, Ерина Богоева, фотографка, Ирена Мила, фотографка, Јана Јакимовска, уметница, Коалиција МАРГИНИ, Лепа Георгиевска, портретна и модна фотографка, галерија „Леонардо“, Катерина Димитровска, дизајнерка, Ивана Секулоска, дизајнерка, Јана Трбојевиќ, мејкап артистка, Тиииит! Инк. и ПичПрич, и Ксенија Котев, дизајнерка, кои најсрдечно ги понудија

Здружение за поддршка на маргинализирани работници СТАР-СТАР Скопје
11 Октомври 22/2 Скопје
+389(2)3232411
www.starsexwork.org

своите дела со цел собирање на финансиска средства за помош на сексуалните работници во социјален ризик.

На хуманитарната онлајн аукција **„Акција за реакција 2"** беа собрани вкупно **7.950 денари**. Собраните финансиски средства ќе бидат наменети за помош и поддршка на сексуалните работници и нивните семејства кои се наоѓаат во исклучително тешка економска ситуација и кои ги чувствуваат последиците од економската криза предизвикана од постојаниот раст на цените на секојдневните трошоци за живот.

Во духот на транспарентноста и јавната отчетност, ги објавуваме продадените дела за време на хуманитарната аукција „Акција за реакција 2", и износот на донираните средства:

| Бр. | Автор на делото | Опис на делото | Донирани средства |
|---|---|---|---|
| 1 | Румена Бужаровска | Сет книги: Збирка раскази„Не одам никаде", Збирка раскази „Чкртки", и Збирка раскази „Мојот маж". | **800 денари** |
| 2 | Никола Гелевски | Графички роман „Плати па клати: мемоари на еден уживател на проституција во слики и зборови" од канадскиот автор Честер Браун. | **800 денари** |
| 3 | Петар Андоновски | Роман „Страв од варвари", 2018 год. | **350 денари** |
| 4 | Петар Андоновски | Сет од 3 книги: „Страв од варвари", „Очи со боја на чевли" и „Лето во кое те нема". | **1200 денари** |
| 5 | Ирина Тошева | Лесна кошула со голема ретро јака и винтиџ копчиња изработена од deadstock материјал во величина М. Уникатно парче | **3000 денари** |
| 6 | Јана Трбојевиќ | Ваучер за шминка | **1800 денари** |

Во име на заедницата на сексуални работници, им се заблагодаруваме на сите кои се вклучија во реализација на хуманитарната аукција и сите кои донираа средства за сексуалните работници во социјален ризик кои и понатаму остануваат маргинализирани во овие кризни времиња.

Солидарен поздрав,

Борче Божинов, Претседател
СТАР-СТАР Скопје